# ИНФО БИЛТЕН

ФЗОМ

Фонд за здравствено осигурување
на Македонија

**ИНФО БИЛТЕН ИЗДАНИЕ БР. 39/2014**
**февруари**

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

# Содржина


1. Воведување на електронски амбулантски дневник ........ 3
2. Превенцијата – најважна алка во здравствениот систем ........ 5
3. ДСГ – индикатори 2013/2012 ........ 7
4. ЕЗК оглас и бројки ........ 9
5. Новини во електронските услуги за фирмите ........ 10
6. Условни буџети ........ 11
7. Нови референтни цени на лекови ........ 16
8. Пререгистрација на невработени лица ........ 17

РАБОТНИ ПОСЕТИ ........ 22

9. Работна средба со Црвен крст на Македонија ........ 22
10. Работна средба со Сојуз на здруженија на пензионери ........ 23

РАБОТНИ СРЕДБИ ........ 24

11. Работна посета на директорката на ФЗОМ во Битола ........ 24
12. Крводарителна акција во ФЗОМ ........ 25

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# 1. Воведување на електронски амбулантски дневник

Со воведувањето на проектот електронски амбулантски дневник Фондот има за цел да овозможи на избраните лекари во здравствените установи од примарна здравствена заштита (општа медицина, училишна медицина, педијатрија и трудова медицина) поголема ефикасност во работењето, избегнување на можноста за технички грешки, намалување на времетраењето на административното работење на лекарот, како и унификација во водењето на амбулантскиот дневник помеѓу сите лекари.



Содржината на податоците во електронскиот дневник е во согласност со важечката законска регулатива.

Имено согласно член 3 од Законот за евиденции во областа на здравството (Сл. Весник 20/2009 и 53/2011) од 01 јануари 2013 година е овозможено здравствените установи да вршат електронска обработка на здравствените и на медицинските податоци за пациентите. На тој начин **за потребите на Фондот дадена е законска можност амбулантскиот дневник што го водат здравствените установи од примарна здравствена заштита да биде заменет со електронски дневник.**

Електронски амбулантски дневник претставува илустрација на дневното работење на лекарот и на здравствената установа, со податоци за сите здравствени услуги кои од страна на лекарот се пружени на пациентите, терапијата која е издадена, здравствените совети, боледувања и сите останати работни активности кои се поврзани со укажување на здравствена услуга на пациентите прикажани по хронолошки ред на активностите.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

На крајот од работниот ден збирните внесените податоци во електронскиот дневник се печатат во хартиена форма.

Електронски амбулантски дневник треба да се води на ниво на здравствена установа. За секој лекар во склоп на здравствената установа се води посебна евиденција во рамките на еден заеднички амбулантски дневник.



Фондот изготви техничко упатство каде се дадени насоки кои податоци е потребно да се внесуваат во електронскиот амбулантски дневник и начинот како да се прикажуваат истите во извештаите. Техничкото упатство е објавено во месец Декември/2013 година на интернет страната на Фондот за здравствено осигурување.

За таа цел сите здравствени установи од дејноста општа медицина задолжително потребно е во сопственото апликативно решение да ги имплементираат сите новини согласно техничкото упатство за да може во текот на јануари 2014 година да започнат со водење на електронски амбулантски дневник.

**Оние здравствени установи кои ги имаат веќе прилагодено апликативните решенија, можат да започнат со нивно користење веднаш, со што во месец јануари може да се води амбулантскиот дневник и во електронска и во хартиена форма, додека од 01.02.2014 година за потребите на Фондот евиденцијата на амбулантскиот дневник ќе биде единствено електронски.**

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 2. Превенцијата – најважна алка во здравствениот систем

За да се зголеми свеста за одговорноста и грижата за сопственото здравје кај осигурениците, ФЗОМ во соработка со Здружението на матични лекари на Република Македонија договори да се започне со спроведување на скриниг прегледи кај матичните лекари за трите најчести незаразни заболувања: кардиоваскуларни заболувања, шеќерна болест и бубрежна болест.



Од 01 јануари 2014 година матичните лекари почнаа да канат 1.2 милиони осигуреници да направат превентивни прегледи кај матичните лекари и врз основа на резултатот, ќе се утврди дали е потребно да се испрати осигуреникот кај специјалист.

Превенцијата за овие три заболувања ќе се прави поради тоа што последиците и компликациите од овие три заболувања имаат висок моралитет, меѓусебно си влијаат и освен хипертензија, коронарна артериска болест, мозочен удар, може да доведат и до дијабетично стапало и катаракта, оштетена бубрежна функција која завршува со дијализа и потреба од трансплантација на бубрег, доколку не се откријат на време.

Имено за прв пат се **воведува примарна превенција** (рано откривање) и **секундарна превенција** (квалитетно следење на хроничните болни).



*Овој систем предвидува:*

1. За веќе дијагностицирани пациенти од било кое од овие три заболувања, матичниот лекар да му врачи потсетник на својот пациент кои прегледи треба да ги направи во текот на годината и што треба да прави за да се спречат било какви компликации и совети како да се грижи за

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

своето здравје. Потсетниците т.е. водичите за пациенти во моментов се во фаза на подготовка. Со ова ќе може да се следи и квалитетот на терапијата која ја примаат за определеното заболување и спречување на влошување на болеста, односно појава на компликации.

2. За здравите осигуреници на возраст од 15 -65 години, матичните лекари ќе ги повикаат своите пациенти да направат лабораториско испитување за да се утври ризикот од дијабетес, од кардиоваскуларно или од бубрежно заболување. **За осигурениците кои се на возраст над 65 години и немаат хронично заболување, може да се јават кај својот матичен лекар во било кое време да ги направат сите превентивни прегледи и испитувања.** Ќе се прават биохемиски лабораториски испитувања, глукоза во крв, вкупен холестерол во крв, креатинин во крв и протеини во урина. Во зависност од резултатот на испитувањето, ќе има редовно следење на состојбата, а во случај да е потребно, праќање на секундарно ниво.

Новина во овој пристап е што во пракса се вклучуваат и специјалистите, со што се создава тим од матични лекари и специјалисти кои ќе се грижат за здравствените ризици кај сите осигуреници.

Во втората фаза од овој проект ФЗОМ ќе изработи софтвер за регистрација на пациентите, следење на нивната здравствена состојба кој ќе биде потсетник како за лекарите, така и за самите пациенти во извршување на периодични прегледи.

Со овој системски пристап ќе се овозможи рано и навремено откривање на овие заболувања, кои со право се нарекуваат тивки убијци во модерниот свет и истите во светски рамки се најголем финансиски товар во општеството. Успехот од сето ова би било да спасиме луѓе од прерана дијализа, ампутација на екстремитети, слепило, инфаркт и други компликации кои се резултат од негрижа за здравјето.



Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 3. ДСГ – индикатори 2013/2012

Започнувајќи од 2009 година, Јавните здравствени установи во Република Македонија, здравствените услуги во болничката здравствена заштита ги прикажуваат преку Дијагностичко сродни групи или ДСГ. Врз основа на овие податоци ФЗОМ секоја година изготвува тримесечни, шестмесечни и годишни извештаи за работата на ЗУ според ДСГ методологијата. Во оваа прилика ќе прикажеме неколку параметри од нивното работење за 2013 година.




Во периодот јануари – декември 2013 година во 58 здравствени установи, од кои 54 се јавни (13 општи болници, 26 клиники, 3 клинички болници, 9 специјални болници, 3 психијатриски болници) и 4 приватни, евидентирани се вкупно 223.473 случаи по ДСГ методологија од кои најголем број се во општите болници и клиниките односно:

- 35,1% им припаѓаат на клиниките (35,2% во 2012);
- 18,5% на клиничките болници (18,9% во 2012);
- 7,6% на специјалните болници (7,9% во 2012);
- 37,4% на општите болници (36,8% во 2011);
- 0,04% на психијатриските болници (0,03% во 2012) и
- 1,3% на приватните клинички болници (1,2% во 2012)

Здравствени установи со најголем број на ДСГ услуги се:

- Клиника за гинекологија и акушерство Скопје — 18.900 (17.742 во 2012)
- Клиничка болница Тетово — 16.959 (16.255 во 2012)
- Клиничка болница Битола — 13.205 (12.646 во 2012)
- Клиничка болница Штип — 11.217 (10.806 во 2012)
- Градска општа болница 8-ми Септември - Скопје — 10.643 (9.867 во 2012)

Вкупниот број на остварени болнички денови во сите 58 здравствени установи изнесува 1.236.114 дена (1.190.602 во 2012) од кои:

- 37,9% во клиниките (38% во 2012)
- 35,7% во општите болници (35,2% во 2012)

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- 16,9% во клиничките болници (17,4% во 2012)
- 8% во специјалните болници (8,1% во 2012)
- 1,4% во приватните болници (1,2% во 2012)
- 0,14% во психијатриските болници (0,08% во 2012)

**Просечниот престој на пациентите во болниците (ALOS) на национално ниво** за 2013 изнесува 5,5 дена и се забележува континуирано намалување на просечниот престој на пациентите во болниците на национално ниво, од 6,2 во 2009, 5,9 во 2010, 5,8 дена во 2011 и 5,7 во 2012 година до 5,5 во 2013.

**Според видот на здравствената установа просечниот престој** изнесува:

| | |
|---|---|
| 6,0 во клиниките | (6,1 во 2012) |
| 5,0 во клиничките болници | (5,2 во 2012) |
| 5,3 во општите болници | (5,4 во 2012) |
| 5,8 во специјалните болници | (5,8 во 2012) |
| 18,2 во психијатриските болници | (16,1 во 2012) |
| 5,6 во приватните болници | (5,5 во 2012) |

Здравствена установа ***со најкраток просечен престој*** е Клиника за очни болести (1,6 дена), додека ***со најдолг просечен престој*** е Клиника за психијатрија (28 дена).

Бидејќи податоците за болничката нега (евидентирани преку ДСГ методологијата) се значаен извор на информации за следење, планирање, управување и развивање на здравствени услуги, за процена на здравствениот статус на населението како и за национални и меѓународни споредби, Фондот ќе продолжи со изготвување и објавување на тримесечните, шестмесечните и годишните извештаи за работата по ДСГ методологија и истите ќе ги објавува на сопствената интернет страна.

ДСГ
дијагностичко сродни групи

## 4. ЕЗК оглас и бројки

ФЗОМ би сакал да упати апел до сите граѓани кои имаат поднесено барање за електронска здравствена картичка, да не доаѓаат во подрачните служби пред да проверат дали картичката е готова.

За сите информации во врска со електронските здравствени картички и нивната изработка, граѓаните може да се информираат на следниве начини:

**1. Бесплатен телефонски број 0800 33 222 во периодот од 8.30 до 16:30 часот или на мобилниот телефонски број 076 339 180 во периодот од 12 до 20 часот; или**

**2. Преку електронска пошта (e-mail) на следниве адреси helpdesk@fzo.org.mk или info@fzo.org.mk, при што од страна на вработени во Фондот ќе биде одговорено во рок од 24 часа; или**

**3. Диреkна интернет проверка на статусот на ЕЗК преку веб страната на ФЗОМ www.fzo.org.mk, во делот на „Мое осигурување, мој доктор" https://moeosiguruvanje.fzo.org.mk/ .**

Во Подрачната служба Скопје има најголема фрекфенција за подигнување на електронските здравствени картички. Затоа апелираме осигурениците да ги искористат горенаведените можности за проверка на статусот на ЕЗК, без притоа да доаѓаат во Подрачната служба.

Потсетуваме дека електронските здравствени картички се замена за сините картони. Оние осигуреници кои имаат ЕЗК, нема потреба да доаѓаат во подрачните служби и да бараат печатење на сини картони.

За оние осигурени лица кои ќе уште немаат поднесено барање за издавање на ЕЗК, за да може да ги подигнат сините картони, ќе мора да поднесат барање за издавање на ЕЗК. ФЗОМ ги повикува сите правни и физички лица кои немаат доставено барање или уплата за издавање на ЕЗК, истото да го направат во најбрз можен рок во подрачните служби на ФЗОМ, а во Скопје тоа може да го сторат и во истурените шалтери во Ѓорче Петров, Драчево, Ченто, Чаир и во општина Илинден и во општина Шуто Оризари.



Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 5. Новини во електронските услуги за фирмите



**Од 01 февруари 2014 година сите фирми задолжително** ќе треба да ги користат електронските услуги - пријава и одјава на здравствено осигурување преку веб порталот на Фондот. 75.000 фирми досега требаше за пријави и одјави на здравствено осигурување за своите вработени и за членовите на нивните семејства да доаѓаат лично секој месец во подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување. Во декември 2013 година фирмите реализирале 15.000 посети во подрачните служби на Фондот. Од декември 2013 година Фондот пробно започна со електронски услуги за пријава и одјава за здравствено осигурување за сите фирми - обврзници за пресметка и уплата за придонеси. Се овозможи пријава на здравствено осигурување преку веб порталот на Фондот за здравствено осигурување (https://portal.fzo.org.mk). **Постапката за користење на е-услугите е едноставна.** Фирмите треба да овластат лице или сметководител (сметководствена компанија) кои ќе ги спроведуваат електронските пријави во здравственото осигурување.

Фирмите кои имаат потреба од пријавување и одјавување, наместо да одат во подрачните служби на Фондот за било која промена на нивни вработен сега тоа може да го направат електронски, за 30 секунди, без притоа да ги носат здравствените легитимации на заверка во подрачните служби во Фондот. Овластеното лице потребно е да има активна електронска здравствена картичка, читач за картичка (од било која фирма, чини околу 600 денари) и да има креирано профил на веб порталот на ФЗОМ (за што исто има корисничко упатство на веб страницата на Фондот www.fzo.org.mk). **Апелираме фирмите побрзо да овластат лице** за да можат активно да ги користат електронските услуги, со што се заштедува време, пари, хартија, а станува непотребно одењето во подрачните служби на Фондот. Имено, со оваа новина во ФЗОМ ќе се одбегнат 180.000 посети годишно од страна на овластени лица од фирмите во Република Македонија кои доаѓаа во подрачните служби на Фондот, а сега овие услуги ги добиваат електронски, преку компјутер во своја канцеларија. ФЗОМ сака да информира дека за оваа намена во тек се обуки за заинтересираните фирми за користење на електронските услуги на Фондот кои може да се обратат на helpdesk@fzo.org.mk.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 6. Условни буџети

Фондот за здравствено осигурување и во 2014 година склучи **нови договори** со **досегашните 11 јавни здравствени установи и вклучи нови 4 јавни здравствени установи** и обезбеди **7 нови здравствени услуги** за осигурените лица за цела 2014 година. Овие буџети значат дека средствата што ги наменува Фондот за здравствените установи мора да се користат наменски, само за конкретните услуги и конкретните пациенти за кои се наменети. **Зголементиот буџет** од една страна значи зголемување на бројот на пациенти кои ќе бидат опфатени со овие здравствени услуги, а од друга страна и **намалување на времето за чекање** за добивање на услугата.



**Со новите условни буџети се обезбедуваат 7 нови здравствени услуги, но и зголемување на условни буџети на 8 здравствени установи, за 7 здравствени услуги.**

**I. Новите 7 услуги кои се обезбедија со условните буџети за 2014 година се:**

1. **Реконструкција на дојки по мастектомија во еден акт,** на клиниките за тораковаскуларна и пластична и реконструктивна хирургија (ефектите ќе ги почувствуваат 40 пациентки на тораковаскуларна клиника);
2. **Трансплантација на црн дроб,** на клиниката за дигестивна хирургија ( 5 трансплантации);
3. **Кадаверични трансплантации на бубрези,** на клиниката за урологија (20 трансплантации);
4. **Ресинхронизациона терапија на срцето, и замена на срцева валвула,** на клиниката за кардиологија (ефектите ќе ги почувствуваат 50 пациенти со ресинхронизациона терапија на срцето и 5 пациенти за замена на срцева валвула);
5. **Концентратори за оксигена терапија,** на клиниката за пулмологија и алергологија и (ефектите ќе ги почувствуваат 50 пациенти)
6. **Детска кардиохирургија,** на клиниката за детска хирургија

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

(ефектите ќе ги почувствуваат 65 пациенти) .

7. **Наменска терапија за шизофренија,** на клиниката за психијатрија (ефектите ќе ги почувствуваат 20 пациенти)

Фондот сите овие чекори ги презема во соработка со здравствените установи и со здруженијата на пациенти за области каде има потреба можност и интерес.



Целта на условните буџети е **да се стимулираат здравствените установи да ги обезбедат оние услуги кои беа дефицитарни или несоодветно планирани.** Имено, сите здравствени установи кои како составен дел на договорот имаа и план за специфичен вид и обем во најголем дел истиот го реализираа и ги добија дополнителните условени средства. На тој начин на осигурените лица им беа обезбедени одредени услуги **во зголемен обем и квалитет, вклучително и современи методи на лекување со современа терапија и апаратура**, со кои **се намалија и листите за чекање** за одредени здравствени услуги. Истовремено, се зголеми одговорноста на конкретните ЈЗУ и се стимулираа директорите и докторите за **отчетност и оправдување на сработеното**.

На тој начин се зајакна улогата на Фондот како **стратешки купувач на здравствени услуги.**

Доколку здравствената установа не ги изврши планираните здравствени услуги определени во условниот буџет, Фондот по истекот на секој квартал или шестмесечје ќе ги намали условните буџети за соодветниот износ на неискористени средства за таа намена. Но, на здравствените установи им се дава можност доколку во наредните квартали остварат износ повисок од предвидениот, односно доколку ги реализираат здравствените услуги предвидени во условниот буџет, Фондот да им ги врати средствата.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| Бр. | ЈЗУ | 2012 година | | 2013 година | | 2014 година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | *Бр. Интервенци* | *Вкупен износ на ДН* | *Бр. Интервенци* | *Вкупен износ на ДН* | ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2014 | УСЛОВЕН БУЏЕТ ЗА 2014 | Број на пациенти |
| 1 | УК за неврологија | 205 | 89.702.748 | 209 | 121.467.132 | 209.000.000 | 131.467.132 | за 225 лица со мултипна склероза |
| 2 | УК за ревматологија | 85 | 23.293.500 | 100 | 31.800.000 | 75.000.000 | 34.800.000 | за 110 лица на ревматоиден артрит со специфична терапија |
| 3 | УК за хематологија | 23 | 13.640.959 | 25 | 14.711.933 | 328.000.000 | 17.011.933 | за 30 трансплантации на коскена срцевина |
| 4 | УК за детски болести | 140 | 87.745.380 | 150 | 95.202.600 | 321.000.000 | 104.202.600 | 50 за цистична фиброза и 100 деца за хормон за раст |
| 5 | УК за урологија | 26 | 22.096.422 | 35 | 25.985.666 | 133.000.000 | 67.985.666 | за 60 трансплантации на бубрези и тоа 40 од жив дартител и 20 од кадавер |
| 6 | УК за тораковаскуларна хирургија | 281 | 33.050.613 | 172 | 17.587.696 | 102.000.000 | 20.587.696 | 172 пациенти за тораковаскуларни интервенции и вградување на 40 за импланти на дојка по мастектомија |
| 7 | УК за детска хирургија | 8 | 5.663.350 | 7 | 4.977.898 | 119.000.000 | 52.977.898 | за 5 транспл. на бубрези, 2 транспл. на црн дроб и 65 кардиоторакални/васкуларни процедури на деца до 18 г |

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk
Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | УК за уво, нос и грло | 5 | 5.535.000 | 4 | 4.428.000 | 66.200.000 | 6.628.000 | за 6 пациенти за вградување на кохлеарни импланти |
| 9 | УК за очни болести | 596 | 16.229.400 | 1000 | 27.060.000 | 76.000.000 | 54.060.000 | за 2.500 оперативни зафати на катаракта со фако метода |
| 10 | ГОБ 8-ми Септември | 840 | 24.910.836 | 1470 | 43.600.191 | 600.000.000 | 55.100.191 | за 2.000 оперативни зафати на катаракта со фако метода |
| 11 | УК за пластична и реконструктивна хирургија | | | 10 | 369.000 | 61.600.000 | 2.169.000 | за 40 импл. на дојка по мастектомија или вроден недостиг и 7 реконст. на дојка со имплант и експандер по мастектомија |
| 12 | УК за кардиологија | | | | | 320.000.000 | 22.345.000 | за 50 ресинхр. Терапии CRT-R I SRT-D на срце и 5 процедури на срцева валвула со пумпа |
| 13 | УК за пулмологија и алергологија | | | | | 61.700.000 | 1.680.000 | за 50 концентратори за оксигена терапија |
| 14 | УК за дигестивна хирургија | | | | | 165.000.000 | 15.500.000 | за 5 трансплантации на црн дроб |
| 15 | УК за психијатрија | | | | | 48.500.000 | 3.500.000 | за 20 пациенти за терапија за шизофренија со депо препарат рисполепт конста |
| | ВКУПНО | | 321.868.208 | | 387.190.116 | 2.686.000.000 | 590.015.116 | |

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

II. **Зголемувањето на условните буџети се договорени за 7 здравствени услуги:**

1. **Оперативни зафати на катаракта со Фако метода,** на клиника за очни болести и ГОБ 8 септември (ефектите ќе ги почувствуваат 4500 пациенти)

2. **Третман за Мултиплекса склероза**, на клиника за неврологија (ефектите ќе ги почувствуваат 225 пациенти)

3. **Третман на Ревматоиден артиртит**, на клиника за ревматологија (ефектите ќе ги почувствуваат 110 пациенти)

4. **Вградување на Кохлеарни импланти**, на клиника за уво нос и грло (ефектите ќе ги почувствуваат 6 пациенти)

5. **Транпслантација на коскена срцевина,** на клиника за хематологија, (ефектите ќе ги почувствуваат 30 пациенти)

6. **Трансплантација на бубрези од жив донор**, клиника за урологија (за 40 трансплантации)

7. **Реконструкција на дојка по мастектомија,** на клиника за плстична и реконструктивна хирургија (ефектите ќе ги почувствуваат 47 пациентки)

Со новите условни буџети се бележи драстично зголемување на потребите за фако метода во јавните здравствени установи, намалување на листата на чекање како и зголемување на број на пациенти со терапија за мултиплекс склероза, ревматоиден артирит, кохлеарни импланти и трансплантации.

За периодот јануари - декември 2014 година Фондот и јавните здравствени установи утврдија условен буџет на здравствени услуги во вкупна вреденост од околу **590 милиони.**

Фондот останува **доследен во спроведување на сите активности и мерки за обезбедување на навремени и квалитетни здравствени услуги кои се неопходни за осигурениците.**



ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 7. Нови референтни цени на лекови

Од **28 јануари 2014 година** Фондот за здравствено осигурување се применуваат **нови референтни цени за 64 лекови по заштитено име** од различни фабрики со нови референтни цени, од кои **8 лекови се ново вклучени** со Одлуката на Управниот одбор на ФЗОМ за новите референтни цени на лекови која е објавена во Службениот весник на РМ бр.10/2014.

**Оваа одлука опфаќа вкупно 11 лекови по генеричко име** со фармацевтска форма и јачина **за примарна здравствена заштита**, односно 13 лекови по заштитено име, при што има дополнување на едно ново заштитено име на лек, додека за **болничката здравствена заштита** утврдени се нови референтни цени за **26 лекови по генеричко име** со фармацевтска форма и јачина, односно за 49 лекови по заштитено име, при што исто така се дополнува едно ново заштитено име на лек.

### ЕФЕКТИ ЗА ЛЕКОВИТЕ НА РЕЦЕПТ

**За сите 11 генерики на лекови кои имаат нова намалена референтна цена утврдена од Фондот** со оваа одлука, покрај намалувањето на цената, **обезбеден е најмалку по еден готов лек без доплата за секоја од тие генерики.**

Лековите кои имаат нови референтни цени се лекови користат при третман на: очи, дигестивни заболувања, срцеви заболувања, хипертензија, хормонски пореметувања, хепатитис Ц, болка, епилепсија, астма, бактериски инфекции.

**Во овој момент, согласно достапните информации, вкупниот број на лекови по заштитено име без доплата е 450 лекови или 43,4% од вкупниот број на лекови достапни на товар на Фондот на преку аптеките во примарната здравствена заштита.**

Фондот согласно двогодишната стратегија за работа на ФЗОМ во периодот 2014-2015 година, ќе се стреми да обезбеди најмалку по еден лек без доплата за секоја генерика. Сега застапеноста на лекови без доплата по генерика е околу 77%.



ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

### ЕФЕКТИ ЗА ЛЕКОВИТЕ ОД БОЛНИЧКАТА ПОЗИТИВНА ЛИСТА

Лековите од болничката позитивна листа се обезбедуваат од страна на болниците и

нивните цени немаат ефект за осигурениците. Од 26 лекови по генерики со фармацевтска форма и јачина опфатени **со оваа Одлука, намалување на референтната цена има кај 21 генерика**, а за прв пат се утврди референтна цена кај 2 нови генерики, при што исто така има дополнување на едно ново заштитено име на лек.

**За секој лек по генерика има најмалку по еден лек без доплата односно без разлика во референтната и одобрената цена од Министерството за здравство за сите лекови кои се во промет во РМ.**



## 8. Пререгистрација на невработени лица

Согласно одредбите на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на Република Македонија” број 142/08, 64/09, 156/09, 166/10 , 53/11, 185/2011 , 44/2012 , 15/2013, 91/2013 и 170/2013), **предвидени се определени правила за лицата кои минатата година добиле здравствено осигурување на товар на Буџетот на Република Македонија за себе и своето семејство врз основа на своите пониски примања и за лицата кои прв пат здравствено ќе се осигуруваат по овој основ.**

Со цел да се обезбеди континуитет во здравственото осигурување за овие лица почнувајќи од **03 февруари 2014 (понеделник) заклучно со 31 март 2014 година (понеделник)**, ги повикуваме сите лица кои согласно законот ги исполнуваат условите, да дојдат да се регистрираат. **Оваа обврска се однесува и за сите оние кои се регистрираа во 2013 година, да се пререгистрираат во соодветната подрачна служба на Фондот според местото на живеење.**

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk



**Осигурениците кои треба да се регистрираат/пререгистрираат во подрачната служба на Фондот во Скопје, заради заштеда во време и пари кои ги губат патувајќи до центарот на градот каде е сместена Подрачната служба на ФЗОМ во Скопје, можат да се регистрираат/пререгистрират во задолжителното здравствено осигурување и во истурените шалтери на подрачната служба на ФЗОМ во Скопје сместени во ПОЛИКЛИНИКИТЕ НА ЗДРАВСТВЕН ДОМ ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ, ДРАЧЕВО, ЧАИР, ЧЕНТО, ШУТО ОРИЗАРИ КАКО И ВО ЗГРАДАТА НА ОПШТИНА ИЛИНДЕН.**

**ЗА ЛИЦА СО ПОНИСКИ ПРИМАЊА**

**1. Согласно законските измени осигурени лица кои стекнуваат право на здравствено осигурување на товар на Буџетот на Република Македонија се издвојуваат во две категории на осигурени лица :**

I. **Осигуреници кои како семејство во 2013 година оствариле приход кој не е поголем од 96.600,00 денари годишно,**
II. **Осигуреници кои како семејство во 2013 година оствариле приход кој е поголем од 96.600,00 денари годишно, но не поголем од 185.412,00 денари единствено во случај ако во последните два месеца оствариле вкупен приход кој е помал од 16.100,00 денари.**

**НАПОМЕНА 1:** Осигурениците од овие две категории, на назначените шалтери во подрачните служби на Фондот ја пополнуваат **ИЗЈАВАТА за остварени приходи во претходната година** (Изјава член 5 став 1 точка 15 од Законот за здравственото осигурување за кои обврзник за плаќање на придонесот е Министерството за здравство), која е објавена на WEB страната на Фондот.

**ЗА ЛИЦА СО ПОВИСОКИ ПРИМАЊА**

**2. Осигурените лица кои доброволно пристапуваат во задолжително здравствено осигурување согласно член 5 став 2 од Законот за здравствено осигурување се издвојуваат во две категории на осигурени лица:**

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

I. **Осигуреници кои како семејство во 2013 година оствариле приход поголем од 96.600,00 денари, но помал од 185.412,00 денари, ќе плаќаат придонес на основица 50% од просечната плата согласно закон (околу 1.128,00 денари).**
II. **Осигуреници кои како семејство во 2013 година оствариле приход поголем од 185.412,00 денари, придонес за здравствено осигурување ќе плаќаат на основица 100% од просечна плата согласно закон (околу 2.256,00 денари).**

**НАПОМЕНА 2:** Осигурениците од овие категории на назначените шалтерите во подрачните служби на Фондот ја пополнуваат **ИЗЈАВАТА за остварени приходи во претходната година** (Изјава член 5 став 2 од Законот за здравственото осигурување, каде обврзник за плаќање придонес е осигуреникот), која е објавена на WEB страната на Фондот.

**НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

**1. За лица кои за прв пат се пријавуваат во здравствено осигурување**

Државјаните на Република Македонија кои ЗА ПРВ ПАТ бараат здравствено осигурување, кон пријавата за задолжително здравствено осигурување приложуваат:

- копија од извод од матична книга на родени за децата, односно венчани за сопруг/сопруга;
- лично потпишана изјава за остварени приходи во претходната година;
- лична карта во копија, со согласност на подносителот на пријавата и
- здравствена легитимација за заверка (за носителот и члeновите на семејството).



2. **Лица кои ВЕЌЕ СЕ ПРИЈАВЕНИ во здравствено осигурување по овие основи, доставуваат:**

**а) АКО НЕ СЕ менува основот на осигурување (во 2013 година се осигурале во Фондот по овој основ и остануваат да бидат осигурани на товар на Буџетот на РМ и по новите правила за 2014 година):**

- лично потпишана изјава за остварени приходи во претходната година;
- здравствена легитимација на увид.

**б) ако врз основа на изјавата за остварените приходи во 2013 година, СЕ МЕНУВА**

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**основот на осигурување (според член 5 став 1 точка 15 односно член 5 став 2 од Законот за здравствено осигурување):**

- пријава за здравствено осигурување образец ЗО-1
- лично потпишана изјава за остварени приходи во претходната година;
- здравствена легитимација за заверка (за осигуреникот и членовите осигурени преку него).

**НАПОМЕНА 3: Со поднесување на горенаведените изјави за остварени приходи осигурениците се кривично и материјално одговорни и за лажни податоци ќе одговараат пред надлежните органи во Република Македонија.**

**Во износите наведени во изјавата спаѓаат приходите на сите членови на едно семејство согласно Законот за здравствено осигурување (сопруг/а и деца до 18 односно 26 годишна возраст доколку се на редовно школување).**

**ЗО-1 образецот и образецот на изјавите за остварени приходи во претходната година според член 5 став 1 точка 15 и според член 5 став2 се објавени на WEB страната на Фондот www.fzo.org.mk или можат бесплатно да се подигнат на шалтерите на Фондот.**



**ПРИХОДИ КОИ НЕ ТРЕБА ДА СЕ ВМЕТНУВААТ ВО ИЗЈАВИТЕ ЗА ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ:**

1) награди што ги доделуваат меѓународните организации, награди за животни достигнувања во науката, културата и спортот, стипендии и кредити на ученици и студенти што ги доделуваат органите на државната управа и фондации во согласност со закон, награди на ученици и студенти за време на задолжителна практична работа и обука, награди на ученици и студенти освоени на натпревари во рамките на образовниот систем, награди на спортисти за постигнати резултати на официјални меѓународни натпревари и стипендии за спортисти;

2) надоместок на лицата волонтери согласно со Законот за волонтерство;

3)детски додаток, посебен додаток за дете, еднократна парична помош за новороденче и родителски додаток;

4) надоместок во случај на смрт;

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

5) помош за претрпени штети од елементарни непогоди;

6) права на парична помош од социјална заштита утврдени согласно со Законот за социјална заштита;

7) надоместок за телесно оштетување;

8) надоместок на штета по основа на осигурување на живот и имотни осигурувања;

9) алиментации и надоместоци на штета по судска одлука и надоместок на штета како последица на несреќа при работа;

10) надоместоци по основ на невработеност, обука, преквалификација, доквалификација и практиканство на невработени лица.



**ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ГИ ПОВИКУВА ЛИЦАТА ОПФАТЕНИ СО ОВОЈ ПОВИК ШТО ПОСКОРО ДА ИЗВРШАТ РЕГИСТРАЦИЈА/ ПРЕРЕГИСТРАЦИЈА ВО ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ.**

Фондот преку својата инфо линија 080033222 и инфо mail info@fzo.org.mk стои на располагање за било какви прашања поврзани со овој Повик.

**Пререгистрацијата ќе продолжи и после 31-ви март 2014 година, но во тој случај лицата ќе имаат прекин во здравственото осигурување (од 1-ви април 2014 година до моментот на нивната регистрација/ пререгистрација во Фондот).**

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# РАБОТНИ ПОСЕТИ

## 9. Работна средба со Црвен крст на Македонија

Директорот на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева Змејкова беше домаќин на работна посета на Генералниот секретар на Црвениот крст на Македонија, Саит Саити и Секретарот на Црвениот крст на Скопје, Сузана Тунева Пауновска.

Целта на работната посета беше презентирање на активностите кои ги презема Црвениот Крст на Македонија, на планираните проекти за 2014 година, како и модалитетите на соработка меѓу Фондот за здравствено осигурување и Црвениот крст на Македонија.



На состанокот стана збор и за превентивните програми на Црвениот крст, прашањето за здравственото осигурување на

бездомниците, крводарителските акции во Република Македонија и беше договорено да се потпише Меморандум за соработка во областитите во кои ќе се реализира соработката меѓу Фондот и Црвениот крст.

Директорката Парнарџиева Змејкова истакна дека е секогаш отворена за соработка со сите здруженија и институции кои придонесуваат во подигнувањето на свеста кај граѓаните како и од важноста за редовни како и превентивни здравствени контроли, со цел подобра благосостјба на сите граѓани, за што се договорија предавања на определени целни групи.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 10. Работна средба со Сојуз на здруженија на пензионери

Директорката на ФЗОМ, м-р Маја Парнарџиева Змејкова и нејзиниот тим одржаа прва работна средба во 2014 година со претседателот на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија Драги Аргировски, со претседатолот на комисијата за здравство во Сојузот на пензионери Стојан Стефановски и со членот на УО на ФЗОМ – престставник од Сојузот на пензионери на Македонија Илија Глигоров.





Тема на разговор на оваа средба беше утврдување на потребите на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, нивните идните планови и прецизирање на соработката со Фондот за здравствено осигурување во 2014 година. Претставниците на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија информираше за тоа кои теми се од посебен интерес за пензионерите, лекови без доплата на товар на Фондот, проектот за електронска здравствена картичка и превенцијата како нов голем проект на Фондот.

Вземно се утврди дека од огромна корист на членовите на Сојузот на пензионери ќе биде да се организираат едукативни работилници со едукатори од Фондот под наслов „Фондот за здравствено осигурување на услуга на пензионерите“. Овие едукативни работилни се планира да се одржуваат на територијата на цела Македонија во текот на цела 2014 година. Рапоредот и форматот на овие едукативни работилници ќе биде наскоро утврден и усогласен помеѓу Фондот и Сојузот на пензионери и сите заинтересирани ќе бидат навремено информирани за времето и местото на одржување на едукативните работилници за пензионерите. Фондот продолжува со практиката да остварува редовни директни средби со здруженијата на граѓани за да се најдат најдобрите начини да се унапреди квалитетот на здравствени услуги согласно потребите на самите пациенти и осигуреници.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

# РАБОТНИ СРЕДБИ

## 11. Работна посета на директорката на ФЗОМ во Битола

Директорката на Фондот за здравствено осигурување на Македонија м-р Маја Парнарџиева Змејкова беше во еднодневна работна посета во Битола.

Фондот од 13:00 до 15:00 часот организираше средба со граѓаните по мото - Отворени денови за граѓаните. На оваа средба граѓаните добија одговор за своите прашања, дилеми и истовремено имаа можност да дадат свои предлози и сугестии до првиот човек на ФЗОМ, директорката, м-р Маја Парнарџиева Змејкова и до нејзиниот тим. Корисни предлози беа дадени и од матичните лекари за работењето преку веб порталот на Фондот. Воедно, матичните лекари изразија задоволство од електронските услуги на Фондот, како што се електронските фактури и електронските договорите, кои во пракса им овозможуваат на матичните лекари да трошат помалку време на администрација и да им посветат повеќе време на пациентите.







Темите од интерес на граѓаните беа поврзани за проектот на електронската здравствена картичка, за лековите, електронските услуги на Фондот, условните буџети и превенцијата.

Посетата на директорката на ФЗОМ и на нејзиниот тим е во насока на унапредување на условите за работа на подрачните служби на Фондот и подигнување на квалитетот на услугите кои Фондот ги обезбедува за своите осигуреници.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

## 12. Крводарителна акција во ФЗОМ

Дури 20 отсто од вкупно 800 вработени во Фондот за здравствено осигурување на Македонија на 28 февруари 2014 година се вклучија во крводарителната акција „Спасете живот дарувајте крв“ која е организирана во соработка со Институтот за трансфузиона медицина и Црвениот крст. Крводарителната акцијата е на иницијатива на директорката на Фондот, м-р Маја Паранарџиева Змејкова која и самата даруваше од течноста што живот значи.

Периодот за организирање на крводарителната акција е договорен токму сега, кон крајот на јануари, поради тоа што во овој период потребите за крвни единици се најголеми.





Крводарителната акција се одвива на ниво на цела институција и вработените на Фондот денес даруваа крв во Скопје и во 29 градови во државата, каде Фондот има подрачни служби.

Ние вработените во Фондот не се грижиме само за здравствената политика, туку ги мотивираме сите да даруваат крв за да се спаси нечиј нечиј живот, изјави Парнарџиева Змејкова и упати апел доколку сме во можност, да се вклучиме во што поголем број.

**Планираме оваа крводарителна акција да биде традиционална и да се организира секоја година под мотото „Фондовско срце“.**

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk











***Сосема за крај, организаторите на акција изразуваат благодарност до сите колеги вработени во ФЗОМ кои земаа учество во крводарителната акција и на дело го покажаа хуманото лице на Фондот. Благодарам!***